# „А сега уметност" на плоштадот Македонија

Анета РИСТЕСКА

**Вечерва публиката ќе може да ужива во фузијата на сериозната и електронската музика, ликовната уметност, книгата.**

Несекојдневен мултимедијален проект насловен „А сега уметност" ќе се случи вечерва во 21 часот на градскиот плоштад Македонија во Скопје.

Мотото е „Види музика, слушни слика, добиј книга" и покажува дека публиката ќе може да ужива во фузијата на сериозната и електронската музика, ликовната уметност и книгата.

На голема бина на плоштадот, Македонската филхармонија, под диригентско водство на Борјан Цанев, ќе ги изведе познатите музички теми од филмските хитови „Кум", „Војна на ѕвездите", како и од нашите филмови „Големата вода" и „Балкан-кан".

Македонската филхармонија ќе се претстави со интересна програма, многу поразлична од стандардната, на која граѓаните навикнале во концертната сезона. Заедно со оркестарот ќе настапат и двајца познати диџеи, Кристијан Смит и Џон Селвеј со композиции направени специјално за ова случување. Интересните аранжмани, спој на класичната и електронската музика, се дело на Иван Бејков и Емин Џијан. По изведбата на заедничките композиции, познатите диџеи со свои сетови ќе ја забавуваат публиката до доцна во ноќта.


Диџеј Џон Селвеј ќе ги забавува скопјани

Ќе биде изведен и ликовен перформанс на уметникот Мирослав Масин, кој на посебна бина со спрејови ќе наслика 10 платна. Подоцна тие дела ќе бидат предадени на спонзорите, а парите од нивната продажба ќе бидат наменети за Домот за доенчиња во Битола.

Како дел од овој мултимедијален проект, бесплатно на присутните ќе им бидат поделени и 20.000 примероци од книгата „Канон Инверсо" на Паоло Маренсинг.

Ваквиот настан, кој претставува спој на различни уметности, кај нас се случува за првпат, а организаторите велат дека станува збор за проект каков што ретко постои во Европа и во светот.